ЈП „ПЛАВАЈА“ – РАДОВИШ
ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ
Ул: „Свети Спасо Радовишки“ бр:32, 2420 Радовиш
ЕДБ: МК4023999108401, Жиро сметка: Тутунска Банка 210052660250146
Телефони: (+389) 032/635-323, Факс: 032/635-201
www.plavaja.com.mk , plavaja.radovis@gmail.com

Јавно претпријатие за комунални дејности
ПЛАВАЈА п.о.
Бр. 0102-591/1
27.07 2026 год.
Радовиш

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА

# НА ЈПКД ПЛАВАЈА Радовиш

## За период од 01.01.2026 до 30.06.2026 година со финансов извештај

Радовиш

Јули 2026 година

## ДЕЈНОСТИ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО

### ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА

- Редовно одржување на водоводниот и канализациониот систем
- Навремено отстранување на настанатите дефекти
- Надградба и реконструкција на водоводниот и канализациониот систем

### КОМУНАЛНА ХИГИЕНА

- Подигање на комуналниот отпад и негово транспортирање до депонија по претходно утврден распоред
- Одржување на градската чистота според програмата за Јавна чистота донесена од Советот на општината

### ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО

- Одржување на постоечките и изградба на нови зелени површини според програмата за Паркови и зеленило донесена од Советот на општината

### ПОГРЕБАЛНИ УСЛУГИ

- Одржување на гробиштата кои се доделени на ЈП Плаваја
- Вршење на погребални услуги

### ПРОЧИСТУВАЊЕ НА УРБАНИ ОТПАДНИ ВОДИ

- Прочистување на фекалните урбани отпадни води во пречистителна станица и нивно испуштање во реципиентот Радовишка река
- Собирање и депонирање на мил која се појавува како остаток од процесот на пречистување на урбаните отпадни води

### ЈАВНИ ПАРКИНЗИ

- Со одлука на совет на општина Радовиш со бр. 08-420/1 од 28.02.2022 година е доделена дејност и користење на јавниот простор за паркирање на подрачјето на општина Радовиш, за таа цел во систематизацијата на работни места во ЈП Плаваја Радовиш е предвидено одделение паркизни.

здравје при работа, но овде сеуште немаме соодветно лице кое ќе ја врши оваа работа,затоа во овој дел работите ги следи и извршува раководителот на секторот, заедно со обврските на работното место референт по работни односи. Во периодот од 01.01.2026 година до 30.06.2026 годинаод делот на обезбедување на човечки ресурси ЈП Плаваја нема распишано оглас за пополнување на работни места, а согласно законските прописи сите потребни извештаи се поднесени до соодветните институции.Од 01.01.2026 година до 30.06.2026 година работниот однос им престанал на **2 (двајца)** вработени лица и тоа на едно(1) лице по основ на старосна пензија и на едно(1) лице по основ на смрт на работникот од групата на даватели на јавни услуги.

Во периодот од 01.01.2026 година до 30.06.2026 година бројот на вработени во ЈП Плаваја Радовиш се движел од 101 до 98 работника вклучувајќи го и именуваниот раководен орган.

Одделението за човечки ресурси ја координира и следи работата на централната архива и телефонската централа на ЈП, овде немаме вработено лице, референт по работни односи кое е должно да води грижа за персоналните досиеја, како и за сите потреби на работниците кои се однесуваат на делот на работните односии на кое му престана работниот однос по основ на старосна пензија и истото место сеуште не е пополнето и работните задачи ги извршува раководителот на секторот и за архивата со задолжение е назначено лице вработено во ЈП за архивар кој води грижа за целокупната архивска документација која влегува и излегува од ЈП.

Одделението за општи работи ги врши сите општи работи и обезбедувањето и чувањето на управата и стопанскиот круг на ЈП, се грижи за одржување на хигиената во работните простории, овде се предвидени ивработени пет лица каде во моментот работат пет и тоа четири лица кои се грижат за обезбедувањето и едно лице кое ја одржува хигиената во работните простории на управната зграда и достава на пошта и писмена комуникација меѓу институциите.

## ➢ Реализирани активности од 01.01.2026 до 30.06.2026 година во Секторот за финансии, сметководство и комерција

Секторот за финансии, сметководство и комерција при ЈП Плаваја Радовиш е составен од три одделенија и тоа:

- Одделение за сметководство
- Одделение за финансии
- Одделение за јавни набавки

- **<u>Реализирани активности во прва половина од 2026 година во Секторот за контрола на корисници</u>**

- Во првите 6(шест) месеци од 2026 година Секторот за контрола на корисници е постапуваше по 84 барања од корисниците. Позитивно се решени 64 барања. 20од поднесените барања се спорни и истите ќе се следат и во втората половина од 2026 година.

- Извршени се вкупно 146 корекции на рекламирани сметки за сите 6 водоводни системи и тоа Радовиш-78, Ораовица-4, Подареш-3, Јаргулица-14, Калугерица-5, Коџалија-3. Разликата од 39 корекции во однос на сумата по водоводи се должи на промени на површини по имотен лист согласно Одлуката на Советот на општина Радовиш 08-929/1 од 30.06.2025 година, односно корисници кои пријавиле имотни листови во кои имаат помала станбена површина од 140м$^2$ или помала дворна површина од 300м$^2$ или и двете површини се помали од наведените.

- Извршени се вкупно 184 промени во пасивен статус на корисник за сите 6 водоводни системи и тоа Радовиш-130, Ораовица-13, Подареш-5, Јаргулица-15, Калугерица-21, за водоводот во Коџалија во извештајниот период нема промени на статус. Ова се корисници се со платена такса за пасивен корисник и во најголем број се иселеници во странство и тоа се обновувања на пасивниот статус со плаќање на нова такса за тековната година. Од вкупниот број на промени на статус 53 промени се нови промени, односно корисници кои за прв пат прават промена на статус на корисник во пасивен поради различни причини (иселување, починат корисник на дел од куќа, починат корисник сопственик на цела куќа, корисник поседува објект и во град и во село со годишна сметка во село и живеалиште во град и слични други причини).

- Евидентирани се нови 49 корисници од кои 25 се нови корисници со нови приклучоци, а останатите 24 се раздвојувања на внатрешни водоводни инсталации од физичко на физичко лице или од физичко на правно лице.

- Во периодот од 01.01.2026 до 30.06.2026 година поднесени се 97 барања за исплата на солидарен фонд согласно Правилникот за солидарен фонд за помош при вршење на погребални услуги. Издадени се решенија за исплата на 97 лица, од кои исплатени се 77 барања, а останатите 19 чекаат исплата. Просечното време на чекање во извештајниот период изнесува 45 денови од поднесување на барање до исплата на средствата на барателот. Во овој период има донесено едно Решение за одбивање, кое не било во согласност со Правилникот за солидарен фонд за помош при вршење на погребални услуги.

тоа:Раклиш,Војславци,Сулдурци и Ињево).Водата од сите други зафати се хлорира на местото на влез.

Дистрибутивната мрежа за градот и населемите места Раклиш,Сулдурци,Војславци и Ињево има четири главни резервоари со капацитет од 3.300 $m^3$. Резервоарот ''Коџа Баир'' со капацитет од 1200 $m^3$ и истиот е во добра состојба, а резервоарот ''Џам Баир'' со капацитет од 600 $m^3$ е во лоша состојба и треба да се рехабилитира. Третиот резервоар ''Индустрија'' со капацитет од 900 m3 е во добра состојба, но моментално овој резервоар не се користи.Четвртиот резервоар е новиот резервоар Куклевица со капацитет од 600м$^3$.

## Одржување на водоводен систем

Секторот Водовод и Канализација како дел од ЈП Плаваја-Радовиш се состои од:

- Одделение за Водовод
- Одделение за Канализација
- Одделение за Санитарна контрола

Водоснабдувањето е многу важен сегмент во работењето на ЈП Плаваја Радовиш, бидејќи преку квалитетно спроведување на оваа дејност во голема мера се цени и работењето на ова комунално претпријатие

Здравата вода за пиење претставува најголем проблем на планетата земја (бидејќи е 1% од сета вода), па логично е да се размислува дека треба да има посебен третман како од аспект на рационално користење, така и од аспект на загадување на истата.

Снабдувањето со вода на градот Радовиш и на населените места може да се анализира како:

1.Водоснабдување на Радовиш

2.Водоснабдување на населените места приклучени на градската водоводна мрежа што ги одржува ЈПКД

3.Водоснабдување на населени места со независни водоводни системи што ги одржува ЈПКД.

4.Водоснабдување на населени места со независни водоводни системи што не ги одржува ЈПКД.

- системско одржување на водоснабдителниот систем
- санација на дотраени мрежи
- поставување на нови приклучоци
- радовно испирање на водоводната мрежа
- контрола и замена на дотраени затварачи и пожарни хидранти во водоводната мрежа
- системско испитување на загуби на вода
- замена на водомери

Во табеларниот преглед се претставени извршените работи на водоснабдителниот систем за градот Радовиш од 01.01.2026 до 30.06.2026 година од страна на одделението за водовод:

1. Табеларен преглед за 2026 год.

| Р.бр | Вид на дефект | Јануари | Февруари | Март | Април | Мај | Јун и | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | дефект на затварачи | | 2 | 4 | 6 | 6 | 4 | **22** |
| 2 | дефект на водоводна линија | 4 | 7 | 9 | 6 | 6 | 9 | **41** |
| 3 | дефект на приклучок | 9 | 2 | 5 | 10 | 8 | 6 | **40** |
| 4 | замена на водомер | | 1 | 1 | 4 | 2 | 1 | **9** |
| 5 | дефект во шахта | 8 | 7 | 10 | 8 | 10 | 6 | **49** |
| 6 | приклучок на водоводна мрежа | 1 | 2 | 2 | 2 | 1 | 1 | **10** |
| **ВКУПНО:** | | **22** | **21** | **35** | **36** | **33** | **27** | |

Покрај редовното одржување на водоводната мрежа, пумпната станица, филтер станицата и сл. од аспект на машинско и електрично одржување, системот беше во исправна состојба.

| Р. бр | Вид на дефект | Јаргулица | Покрајчево | Злеово | Подареш | Ораовица | Калугерица | Коцалија | Аликоч | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | дефект на затварачи | 3 | 1 | 3 | 3 | 3 | 4 | | | **17** |
| 2 | дефек на водоводна линија | 5 | 6 | 10 | 5 | 6 | 14 | 1 | | **47** |
| 3 | дефект на приклучок | 2 | 5 | 8 | 7 | 5 | 4 | 2 | | **33** |
| 4 | дефек во шахта | | 4 | 2 | 2 | 3 | 1 | | | **12** |
| 5 | замена на водомер | | | 2 | | 1 | | | | **3** |
| 6 | приклучок на водоводна мрежа | | | | | 1 | | 1 | | **3** |
| | **ВКУПНО:** | **10** | **16** | **25** | **17** | **19** | **23** | **4** | | |

**4. Водоснабдување на населени места со независни водоводни системи што не ги одржува ЈП Плаваја се:**

4.1.Село Калузлија

4.2.Село Дамјан

4.3. Населба Дамјан

4.4. Село Штурово

4.5.Село Бучим

4.6. Село Тополница

| Р.бр. | Вид на интервенција | Радовиш | Раклиш | Ињево | Ораовица | Подареш | Јаргулица | Покрајчево | Злеово | Калугерица | Војславци | **ВКУПНО** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Чистење на канализација | 25 | 4 | 1 | | 1 | 2 | 2 | 3 | 2 | 3 | **43** |
| 2 | Чистење на приклучок | 18 | 1 | | 2 | | | 2 | | | 2 | **25** |
| 3 | Чистење на решетки | 20 | | | | | | | | | | **20** |
| 4 | Чистење на шахти | 20 | | | | | | | | | | **20** |
| 5 | Чистење на фонтани | 11 | 5 | | | | | | | | | **16** |
| 6 | приклучок на канализациона мрежа | 2 | | | | | | | | | | **2** |
| 7 | Чистење на јама | 3 | | | | | | | | | | **3** |
| 8 | Перење на улици и фонтани | 5 | | | | | | | | | | **5** |
| **ВКУПНО:** | | **104** | **10** | **1** | **2** | **1** | **2** | **4** | **3** | **2** | **5** | |

- **<u>Реализирани активности од 01.01.2025 до 30.06.2025 година во секторот за комунална хигиена</u>**

Секторот комунална хигиена ги обавува следните активности:

1. Собирање, селектирање, транспортирање и депонирање на комунален отпад
2. Чистење на улици, тротоари и други јавни површини
3. Одржување на паркови и зеленило на јавни површини
4. Одржување на гробишта и вршење на погребални услуги
5. Одржување на хигиена на пазари (гратски пазар и сточен пазар)
6. Одржување на депонија
7. Чистење на диви депонии

- Во третиот реон е опфатена индустриската зона во градот ,со малото стопанство.Овде отпадот се подига повеке пати во неделата према потребите на компаниите а најмалку еднаш неделно.

- Во населените места надвор од градската средина и тоа во селата Ораовица,Подареш и Ињево собирањето на комуналниотт отпад се врши двапати неделно,додека во селата Калугерица,Сулдурци,Војславци,Јаргулица,Покрајчево и Злеово еднаш неделно ,но во летниот период кога има поголема посетеност на овие населени места и за време на празниците се собира двапати неделно.

Подигањето ,транспортирањето и депонирањето на комуналниот отпад се врши со две специјални возила за подигање на специјални садови за депонирање на отпад се врши со две специјални возила за подигање на специјални садови за депоирање на отпад и тоа канти и контејнери,како и со 4 трактори наменети за таа намена.

Подигањето на сметот во градот Радовиш се врши на површина од 1.056.805 м2 од физички лица и од 128 730 м2 од правни субјекти како и од 465 контејнери од 1,1 м3 зафатнина ,поставени во централното градско подрачје на повеке локации како и од пред сите стамбени згради за колективно домување, а исто така и периферно во градот особено на почеток и крај на течението на Радовишка река,патот накај планината Плачковица,Шаин маале и други локации каде што има зголемена количина на комунален и друг вид на неопасен отпад.Од граганите подигањето и собирањето на отпад го вршиме од сад каков што поседува имателот на услугата (канта за смет.буре итн).Во населените места надвор од градската средина собирањето на отпадот се врши исклучиво од поставените метални и пластични контејнери со зафатнина од 1,1 м3.

Чест проблем кој се случува е што несовесни грагани депонираат градежен шут и со тоа ги претоваруваат контејнерите, а со тоа се уништуваат тркалата и поклопците како и хидрауликата на специјалните возила , така оштетените (уништените) контејнери претставуваат грда слика за секој минувач,но со последно набавените и поставени нови пластични контејнери се подобрува услугата,но и самата слика во градот.

Во поглед на типизираните садови ,граганите почнаа да користат канти за смет,благодарение на поволноста што им се даваше од страна на ЈП Плаваја за отплата на типизираните канти за отпад на повеке рати.

Во 2019 година се набавени 1000 пластични канти со капак 120 литри кои се специјализирани за депонирање на комунален отпад.Од овие 1000 канти до крајот на 2023 година продадени се сите 1000 броја.

ЈП Плаваја Радовиш ја доби долго очекуваната донација од МЖСПП и тоа 115 броја контејнери од 1.1 $м^3$ и 570 броја канти од 120 l и истите беа распоредени на територијата на општина Радовиш. Дел од кантите што не се распределени дополнително во текот на наредниот период ке бидат распоредени.

Од табелата се гледа дека во 2026 година во повекето населени места бројот на контејнери е зголемен во однос на 2025 година.

Сега во 2026 година има дополнително зголемување на бројот на контејнери на терен и ке треба во наредниот период да се направи дополнителен попис и да се констатира точната бројка на поставени контејнери во градот и населените места .

Во 2026 година ЈП Плаваја Радовиш вршеше вонредно исфрлање на смет од граганството (стари кревети,шпорињa и друг кабаст отпад) континуирано пет дена во неделата од понеделник до петок. (Во 2026 година во првите шест месеци од годината се исфрлени околу 450 тракторски приколици отпад од кабаст и друг вид на неопасен отпад.За оваа активност одзивот од граганите е голем но на терен појавата на диви депонии за жал можеме да констатираме дека сеуште постои.

Во изминатите шест месеци на територијата на општина Радовиш се подигна и депонира околу 12 700 м3 комунален отпад и околу 500 м3 друг вид на отпад од вонредното собирање.

На територијатата на општина Радовиш има поставено 15 специјални садови за депонирање на стаклена амбалажа но во 2026 година немаме точна информација на количина на соберен отпад

**ПРЕГЛЕД НА ВКУПНАТА КОЛИЧИНА ВО м$^3$ НА ОТПАД СОБЕРЕНИ ТРАНСПОРТИРАНИ И ДЕПОНИРАНИ ВО првите шест месеци од 2026 ГОДИНА**

| месец/дата | Вкупно |
|---|---|
| јануари | 2119 |
| февруари | 2062 |
| март | 2292 |
| април | 2086 |
| мај | 2056 |
| јуни | 2124 |
| јули | 1272 |
| август | 0 |
| септември | 0 |
| октомври | 0 |
| ноември | 0 |
| декември | 0 |
| | 14011 |

Од почетокот до сега од оваа 2026 година на градската депонија е депонирано **14 011 м$^3$** отпад кој е собран од територијата на Радовиш и сите населени места каде има поставено садови за собирање на комунален отпад.

Врз основа на измената и дополнувањето на програмата за управување со отпад на територијата на општинта Радовиш во примена е и следниот ***шематски приказ*** за собирни места за собирање и транспортирање на комуналниот и друг вид неопасен отпад како и електричен и електронски отпад и отпад од стаклена амбалажа на територијата на Општина Радовиш.

Ви согласност со член 61 став 2 од Законот за управување со отпад, подрачјата начините и фреквенцијата на собирање на комунален отпад на подрачјето на општина Радовиш се одвиваа согласно програмата за управување со отпад и програмата за работа на ЈП Плаваја Радовиш.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Зграда „Лепа Лана“ | 1 | 2 | | |
| | Општина Радовиш | | 3 | 1 | |
| | Тобако „Јаков“ | 1 | 2 | | |
| | Прва зграда (кај Габи) | 1 | 2 | | |
| | „КИД-ГО“ | 1 | 2 | | |
| | Кафич „Рута 66“ | 1 | 1 | 1 | |
| | Стоматалошка Ординација „Ксенија“ | 1 | 2 | | |
| | Зграда „6-ти Ноември“ | 2 | 2 | 1 | |
| | Бензинска станица „Лукоил“ | 2 | | | |
| | „Кам Маркет“ | 1 | 2 | | |
| | Бензинска станица „Макпетрол“ | 1 | | | |
| | Фабрика „Метал Промет“ | 3 | | | |
| | Стовариште „Петров“ | 1 | | | |
| | Сервис ,,Канлија“ | 1 | | | |
| | Сервис „Гошо Самаров„ | 1 | | | |
| | Работилница „Ковачите“ | 2 | | | |
| | Специјалистичка Ординација „ДР Петре“ | 1 | 2 | | |
| | Продавница „Електромеханика“ (приватен) | 1 | | | |
| | Продавница „Сетек“ (приватен) | 1 | | | |
| | Сервис „Веготранс“ - ГОНО | 1 | | | |
| | Работилница „РОЛО-ИНГ“ (Игор) | 1 | | | |
| | Стовариште „Валентина промет“ (сопствен) | 1 | | | |
| | Паркинг на Автобуска станица Радовиш | 2 | 2 | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| „Илија Алексов“ | | | | | 2 |
| | Стаклар „Гошо Панде“ | 1 | | | |
| | „Теодора Маркет“ | 1 | 2 | | |
| | Градоначалник Ацо Ристов | | 2 | | |
| | Старечки дом „Астреон“ | 2 | | | |
| | Мост „Раклишка река“ населба Раклиш | 2 | 2 | | 1 |
| | Гробишта Раклиш | 1 | | | |
| „1-ВИ МАЈ“ | | | | | |
| | „Електротехнички Факултет“ Радовиш | 2 | 2 | | |
| | Детска градинка„Ацо Караманов“ позади судот | 1 | 2 | | |
| „Чеде Филиповски - Даме “ | | | | | |
| | Водостопанство„Радовишкополе“ (Мантово) | 2 | | | |
| | ЈП „Македонски шуми“ | 1 | | | 3 |
| „Плачковица“ | | | | | |
| | Кај Ананија Илиев | 2 | | | |
| | Минаре „Џамија“ | 2 | | | |
| | „Микрон“ или „30-ти Март“ | 2 | | | |
| | Во кругот „30-ти Март„ (приватен) | 1 | | | |
| | Раскрсницата - Бозгел | 3 | | | |
| | | | | | |
| „Индустрија“ | | | | | |
| | „Алфаинжинеринг“ (приватни) | 14 | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | ООУ „Орце Николов“ Ињево | | 2 | | |
| с.Војславци | | 14 | | | |
| с.Сулдурци | | 8 | | | |
| с.Калугерица | | 22 | | | |
| м.в.Стопанството | | 1 | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| Планина „Плачковица“ | | 8 | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |

## Одржување на јавна чистота

Активностите превземени за одржување на јавна чистота на подрачјето на општина Радовиш првите шест месеци од 2026 год. ги дефинира обемот, динамиката, начинот на вршење на потребните активности, потребниот број вработени и начинот на нивно финансирање. Одржување на јавна чистота подразбира чистење (метење и миење) на јавните сообраќајни површини и е во зависност од:

- Густината на населението
- Фрекфенција на луѓе и моторни возила
- Степен на нечистотија
- Степен на пречки (паркирани возила, објекти и друго)
- Инфрастуктурните сообраќајни услови
- Делување на градежната оператива, која со своите возила се јавува како еден од најголемите загадувачи на јавните сообраќајни површини.

Одржувањето на јавната чистота се состоеше од:

- Рачно метење и машинско метење и миење на улиците, булеварите, како и сите други јавни површини и отворени простори и јавни објекти наведени со законот за јавна чистота.
- Празнење на уличните корпи за отпад кои се поставени во поширокото централно градско подрачје, булеварот Александар Македонски и градскиот парк.
- Одржување на јавни површини во зимски услови.
- Расчистување на диви депонии.
- Отстранување на атмосферски наноси.

Периодот на одржување е поделен на летен период од 01.04 до 31.10 со времетраење од 7 месеци со 214 работни дена во кој се земени сите денови во неделите и сите државен празници, и зимски период од 01.11 до 31.03 со време од 5 месеци или 151 работни дена во кои исто така се земени во предвид сите денови во неделите и државените празници.

Динамиката на чистењето беше организирана според три категории на чистење на јавни прометни површини и тоа:

Одржувањето на гореспоменатите улици во трите зони се врши рачно на класичен начин со рачна количка, лопата и метла и со помош на специјално возило за метење на улици.

Имајќи ја предвид структурата на населението, кое во најголем дел се занимава со земјоделие, одредени периоди од годината (осебено пролетниот и есенскиот, кога земјоделците се најактивни) некои улици изгледаат како да не се одржуваат.

Голем проблем претставуваат и пристапните патишта од полето кон градот, при што на коловозите се остава големи количини на земја, измет и друго.

## Зимско одржување на улиците и тротоарите

Подрачјето на општина Радовиш е под влијание на изменета континентална клима со влијание на медитеранска клима, што овозможува релативни благи зими и со мали врнежи од снег, а сето тоа трае два месеци во годината.

Согласно одлуката за Јавна чистота во општина Радовиш донесена од страна на Советот на општина Радовиш, правните и физичките лица се должни да го исчистат снегот и мразот од тротоарите, или до половина на улиците.

Контролата на реализацијата на овие должности го врши комуналната инспекција при локалната самоуправа.

Во случај на поголеми врнежи од снег одржувањето на улиците и тротоарите, ЈП Плаваја и локалната самоуправа го регулираат со посебен договор кој договор беше склучен за 2025/2026 година и по истиот се постапи соодветно за што е изработена и посебна ситуација за завршени работи.

Превентивни мерки на заштита

Со цел да се намалат опасностите од евентуални незгоди во зимскиот период ЈП Плаваја ги превзема сладните превентивни мерки и заштита:

- Потребна работна сила и механизација за расчистување на тротоарите и улиците
- Ја утврдува потребната количина на сол и песок за посипување
- Го утврдува начинот на ангажирањето на работната сила и активирањето на механизацијата
- Го утврдува приоритетот на чистење на улиците во заедничка соработка со МВР и ЕЛС.

I. Времетраење и степен на приправност

Времетраењето на приправноста беше од **01.01.2026 до 31.03.2026** година.

Во овој период со посебна наредба беа на располагање:

1. Два возачи на трактор.
2. Два општи работници.
3. Еден возач на универзална машина скип.

Продолжувањето на времетраењето на приправноста се врши по потреба во зависност од временските услови, а сето тоа усогласено со надлежните служби при ЕЛС и МВР.

1. **Активности за одржување и користење на паркови и други јавни површини во општина Радовиш во периодот од 01.01.2026година до 30.06.2026 година**

1. **Во јануари месец** – Се одржуваше средишниот дел на бул. А. Македонски (плевење,кроење на трендафили и дрвца по целата должина на булеварот).Се собираше паднат есенски лист по дрворедите на кејот и на булеварот 5.400м2, зелени површини околу станбени згради 8.100 м2,парк пред судот 540м2, во траење од 340 часа и товарани 19 тракторски приколки.Се кроеја и сечеа дрва низ градот и на градски гробишта во траење од 980 часа и товарани 46 тракторски приколки за некој се користеше и камион со корпа во траење од 12 часа и се сечеа 27 дрва со пречник над 30цм .Се вршеше чистење на фрлен отпад на сите места каде опслужува одд. Зеленило градски парк 18.900м2, радовишка река 16.200м2, зелена површина на триаголник на ул. Илија Алексов 54м2,детски парк Марди 450м2 , зел. површина во парк на младите 720м2,кружен тек на ул. 22 Октомври во спој со ул. Партизанска 45м2, спомен парк спроти Центар за култура 90м2,зелена површина пред стоковна куќа 135м2 ,зелена површина пред зградата на основниот суд 540 м2 , парк Липа на ул. Бел Камен 135 м2, зел. површ.на шеталиште св.Спасо радовишки 90 м2,зелена површина околу сите станбени згради 8.100м2, мало булеварче на ул Плачковица 90м2, зелена површина пред зграда на о. Радовиш 935 м2, парк кај споменикот на загинатите и прогон. борци пред аптека Зегин 45 м2, парк под јаворот кај споменикот на С. Коларов 90 м2, тротоари на ул Плачковица 900м2,влезови на градот Радовиш
540м2, банкини на потегот помеѓу бул.А Македонски и двата влеза на Радовиш 500м2, зеленило бул."А. Македонски " помеѓу двата коловоза 3.000 м2, кружен тек на бул. "А. Македонски " со ул."Илија Алексов " 160 м2,кружен тек на бул."А. Македонски " со ул. 22 Октомври 300м2,ул Илија Алексов до центарот на Раклиш 850м2 .Во овој месец се дадени ракавици по двапати на сите работници на одд. Зеленило,кондури и гумени чизми.Податоците се од расположливите ресурси требувања,картони,извештаи давани секој месец.

2. **Во февруари месец** – Се губреше,кроеја дрвца и плевеше во средишниот дел на бул. А. Македонски и тревнатите површини низ градот – парк Липа135м2, Парк на Младите 720м2 ,зелени површини по ул.св. Спасо Радовишки90м2, кружниот тек кај стопанска банка 45м2,триаголник на ул.Илија Алексов54м2 ,парк Марди450м2 , суд 540м2, полиција и парк пред општината935м2 ,парк спроти тутунска банка90м2.Се собираше есенски лист вкупно 150 часа и се товараа 5 тракторски приколки.Се кроеја дрва низ градот 970 часа и товарани 50 трак. приколки и камион со корпа 10 часа и се сечеа 25 дрва со пречник над 30 цм. и се одржуваше хигиена на сите површини од програмата за одд. зеленило.Земено е вештачко губре . : градски парк 18.900м2, радовишка река 16.200м2, зелена површина на триаголник на ул. Илија Алексов 54м2,детски парк Марди 450м2 , зел. површина во парк на младите 720м2,кружен тек на ул. 22 Октомври во спој со ул. Партизанска 45м2, спомен парк спроти Центар за култура 90м2,зелена површина пред стоковна куќа 135м2 ,зелена површина пред зградата на основниот суд 540 м2 , парк Липа на ул. Бел Камен 135 м2, зел. површ.на шеталиште св.Спасо радовишки 90 м2,зелена површина околу сите станбени згради 8.100м2, мало булеварче на ул Плачковица 90м2, зелена

ул."Илија Алексов " 160 м2,кружен тек на бул."А. Македонски " со ул. 22 Октомври 300м2,ул Илија Алексов до центарот на Раклиш 850м2 .

**4. Во месец април –** Се почна со косење на целата површина со трева

- Градски парк (Ловен дом ) 10.000м2 x x 7 ден. = 70.000 ден. Радовишка река 16.200м2 ,зелена површина на триаголник на ул. Илија Алексов 54м2 , Зел. на бул"А. Македон. " помеѓу двата кол. 2.500 м2 ,Детски парк Марди 200 м2,Зелена повр. на парк на младите 600 м2, кружен тек на ул. 22 октомври 45 м2, Спомен парк во сеќавање на 22 Октомври 90 м2 , Зелена површина пред зградата на основниот суд 540м2 ,зелена површина позади основен суд 250 м2, Парк Липа на ул " Бел камен " 50 м2, Зел. површ. на шетал. "св. Спасо радовишки " 45 м2 , Зел. површ. околу станб. згради 8.100 м2, Зелена површина пред зградата на о. Радовиш 935 м2 ,Парк кај спом. на заг. и прог. борци 20 м2, парк под јаворот кај споменикот на С.Коларов 30м2, Тротоари на ул. "Плачковица "400м2, влезови на градот 540м2, банкини на потегот меѓу булеваро т и влезовите на градот 500м2, зелена површина околу спортска сала 500м2,Круж. тек на бул. А. Мак. со ул. И. Алексов 100м2 , вклучувајки ги и детските игралишта по селата : Воиславци,Сулдурци,Калуѓерица,Ораовица,Подареш,Раклиш,Јаргулица,Ињево и Злеово ,сите се по 100м2.Имаше и кроење на дрва низ градот со вкупно 250 часа и 4 тракторски приколки и чистење на фрлен отпад . : градски парк 18.900м2, радовишка река 16.200м2, зелена површина на триаголник на ул. Илија Алексов 54м2,детски парк Марди 450м2 , зел. површина во парк на младите 720м2,кружен тек на ул. 22 Октомври во спој со ул. Партизанска 45м2, спомен парк спроти Центар за култура 90м2,зелена површина пред стоковна куќа 135м2 ,зелена површина пред зградата на основниот суд 540 м2 , парк Липа на ул. Бел Камен 135 м2, зел. површ.на шеталиште св.Спасо радовишки 90 м2,зелена површина околу сите станбени згради 8.100м2, мало булеварче на ул Плачковица 90м2, зелена површина пред зграда на о. Радовиш 935 м2, парк кај споменикот на загинатите и прогон. борци пред аптека Зегин 45 м2, парк под јаворот кај споменикот на С. Коларов 90 м2, тротоари на ул Плачковица 900м2,влезови на градот Радовиш 540м2, банкини на потегот помеѓу бул.А Македонски и двата влеза на Радовиш 500м2, зеленило бул."А. Македонски " помеѓу двата коловоза 3.000 м2, кружен тек на бул. "А. Македонски " со ул."Илија Алексов " 160 м2,кружен тек на бул."А. Македонски " со ул. 22 Октомври 300м2,ул Илија Алексов до центарот на Раклиш 850м2 ,сите селски паркови со по 100м2(Воиславци,сулдурци ,Калугерица,Ораовица,Подареш,Јаргулица,Злеово,Ињево,Раклиш ),градските гробишта 5.000м2,гроб. Ораовица 2.700м2,гроб. Раклиш 1.200м2,покрајчево 1.000м2 и гроб. Јаргулица 1.500м2.Се засадуваа пролетни цвеќиња низ градот и се одржуваа во текот на целиот месец.

Се одржуваше хигиената на следните места :градски парк 18.900м2, радовишка река 16.200м2, зелена површина на триаголник на ул. Илија Алексов 54м2,детски парк Марди 450м2 , зел. површина во парк на младите 720м2,кружен тек на ул. 22 Октомври во спој со ул. Партизанска 45м2, спомен парк спроти Центар за култура 90м2,зелена површина пред стоковна куќа 135м2 ,зелена површина пред зградата на основниот суд 540 м2 , парк

